Уп. бр. 08-7

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Друштво за внатрешен и надворешен промет СЕРВИС ПЕТРОЛ ДОО Скопје со регистрирано седиште на ул.„Методија Андонов Ченто” бр.3, Скопје доставено преку полномошник Леонид Дечев од Скопје, на седницата одржана на ден 04.06.2026 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото Друштво за внатрешен и надворешен промет СЕРВИС ПЕТРОЛ ДОО Скопје со регистрирано седиште на ул.„Методија Андонов Ченто” бр.3, Скопје, Република Северна Македонија ќе стекне контрола над Фабрика КАРПОШ-Акционерско друштво за проектирање,производство и монтажа на бетонски префабрикати,станови,индустриски објекти,мостови и далноводи Скопје, со регистрирано седиште на ул.„Ацо Шопов’ бр. 76 Скопје-Ѓорче Петров, по пат на купродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 17.12.2025 година, а дополнето на ден 22.12.2025 година и 21.01.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во

понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Друштво за внатрешен и надворешен промет СЕРВИС ПЕТРОЛ ДОО Скопје со регистрирано седиште на ул.„Методија Андонов Ченто" бр.3, Скопје, Република Северна Македонија со која Друштво за внатрешен и надворешен промет СЕРВИС ПЕТРОЛ ДОО Скопје ќе стекне контрола над Фабрика КАРПОШ-Акционерско друштво за проектирање,производство и монтажа на бетонски префабрикати, станови, индустриски објекти,мостови и далноводи Скопје, со регистрирано седиште на ул.„Ацо Шопов' бр. 76 Скопје-Ѓорче Петров (во понатамошниот текст Фабрика КАРПОШ АД), по пат на купродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-**Друштво за внатрешен и надворешен промет СЕРВИС ПЕТРОЛ ДОО Скопје** согласно тековната состојба е друштво кое врши дејност во областа на трговија на мало со моторни горива и мазива.

-**Фабрика КАРПОШ АД** е со основна дејност изградба на станбени и нестанбени згради и истиот нуди широк опсег на услуги во градежништвото во високоградба и нискоградба..

- Фабрика КАРПОШ АД има едно поврзано друштво - Друштво за трговија и услуги КАРПОШ УНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со регистрирано седиште на ул.„Ацо Шопов' бр. 76 Скопје-Ѓорче Петров со основна дејност - изградба на станбени и нестанбени згради.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 (б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**

Бр: 08- 7
Скопје: 12.02.2026

Врз основа на член 28 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), и член 97 од Законот за општата и управна постапка („Службен Весник на Република Македонија” бр. 124/15 и 65/18), Комисијата за заштита на конкуренцијата, на седница одржана на ден 12.02.2026 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

за исправка на грешка во броеви во решение УП бр. 08-7/2026 година

1. Се врши исправка на грешка во броеви во решението УП бр. 08-7 од 2026 на Комисијата за заштита на конкуренцијата и тоа:

   -На страна бр.1 во пасус бр.1 од решението УП бр. 08-7 од 2026 година, датумот „04.06.2026 година” се заменува со датумот „04.02.2026 година”.

2. Во останатиот дел решението останува непроменето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 04.02.2026 година Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница донесе решение УП бр. 08-7 од 2026 година.

Во донесеното решение од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата при неговото пишување настаната е очигледна техничка грешка на страна бр.1 во пасус бр.1.

На страна бр.1 во пасус бр.1 наместо „04.06.2026 година “ треба да стои датумот „04.02.2026“. Имено во наведениот пасус наместо датумот „04.02.2026 година погрешно е наведен датумот „04.06.2026 година”, како датум на оддржување на седницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата со што е направена грешка во пишување на броеви.

Согласно член 97 став (1) од Законот за за општата и управна постапка:„Јавниот орган што го издал управниот акт може во секое време да ги исправи грешките во имињата или броевите, пишувањето или сметањето, како и други очигледни неточности во управниот акт или во неговите заверени преписи.“
Овој заклучок има за цел само да ја отстрани таа нејаснотија и не влијае на основот за неговото донесување, ниту пак на содржината на првично донесеното решение.

Како резулатат на горенаведеното, Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

Овој Заклучок има правно дејство од денот од кој има правно дејство решението на кое се врши исправка.

**Правна поука:** Против овој заклучок е дозволена тужба за поведување на управен спор.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**